РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4329/2
01-12-2020 г/v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница одржана на ден 27.11. 2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12-4329/1 од 17.09.2019 година, доставена на електронска адреса на ДКСК од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-4329 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-4329/1 од 17.09.2019 година.

Предметот со број 12-4329 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4329од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4329/1 од 17.09.2019 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи за неправилности во работењето на лице вработено во Стопанска Банка АД Скопје.

Во пријавата се наведува дека се работи за електронска комуникација помеѓу подносителот и Управата за јавни приходи по пријава доставена од негова страна во врска со сомневање за незаконито работење и постапување на службеник работен во Стопанска банка АД Скопје и давање на нелогични изјави од негова страна во постапка по барање за реиздавање на кредит од Банката и отплата на рати на тековен кредит. Пријавите биле доставувани во архивата на УЈП Штип од 25.07.2018година до сега, поради сомневање дека вработените во банката ја злоупотребувале својата службена положба и од барателите на кредит неосновано барале да

достават извод од матична книга на родените со што им се предизвикувало дополнителни и непотребни материјални трошоци а нивните лични податоци биле незаконски користени.

Подносителот на пријавата известува дека предметниот случај бил тековно пријавуван и во полиција.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот при што констатира дека во конкретниот случај се работи за прашања по кои други оперативни органи се надлежни да постапуваат и до кои подносителот веќе се обратил (*полицијата и УЈП*). Со оглед на констатираното, ДКСК оцени нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 27 ноември 2020 година под бр. 12- 4329/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : м-р В.Г.,член на ДКСК